Приватна високообразовна установа - Висока стручна школа ФАКУЛТЕТ ЗА БИЗНИС ЕКОНОМИЈА
Бр. 02-463/1
16 09 2021 год.
СКОПЈЕ

# *РЕФЕРАТ*

## *ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНИ ЗВАЊА ВО НАУЧНА ОБЛАСТ МЕНАЏМЕНТ НА ФАКУЛТЕТ ЗА БИЗНИС ЕКОНОМИЈА - СКОПЈЕ*

Со Одлука бр.02-299/1 од 17.06.2021 година донесена на седница на Наставничкиот совет на Приватната високообразовна установа - Висока стручна школа ФАКУЛТЕТ ЗА БИЗНИС ЕКОНОМИЈА Скопје, определени сме за членови на Рецензиона комисија за избор на еден наставник во наставно звање за научната област Менаџмент.

Јавниот конкурс за овој избор беше објавен во весникот „Слободен печат" од 09.06.2021 год. и во предвидениот рок се пријавија двајца кандидата, м-р Магдалена Андоновска, магистер по односи со јавноста и м-р Давид Салтамарски, магистер по економски науки од областа на меѓународната економија.

Врз основа на приложената документација, на Наставничкиот совет на Приватната високообразовна установа - Висока стручна школа ФАКУЛТЕТ ЗА БИЗНИС ЕКОНОМИЈА Скопје му го поднесуваме следниов

## ИЗВЕШТАЈ

М-р Магдалена Андоновска е родена 1971 година во Дебар, Република Северна Македонија. Дипломира на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје на Факултетот за туризам во 2009 година и се стекнува со звање **Дипломирам туризмолог со просечна оценка 8,58.** Магистерските студии ги продолжува на истиот Универзитет и во 2012 се стекнува со звање **Магистер по односи со јавност, со просечна оценка 9,80.** Магистерскиот труд го има одбрането под наслов „Комуникацијата на локалната самоуправа со граѓаните".

Во ноември 2012 м-р Магдалена Андоновска е избрана за асистент за група предмети од областа на односи со јавноста на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје, каде што во периодот 2013-2017 година е работно ангажирана во оваа област.

М-р Магдалена Андоновска (2013-2017) ја извршува функцијата Директор по комуникации во истата високообразовна институција на низа активности: организирање на спроведување и менаџирање на настани, комуникација со извршната и локалната власт,

комуникација со вработени за воспоставување на приоритети во институцијата, комуникација со компаниите, комуникација со медиумите, организирање на маркетинг кампањи, менаџирање на проекти и сл.

М-р Давид Салтамарски е роден 1994 година во Скопје, Република Северна Македонија. Дипломира на Универзитетот Св. Кирил и Методиј Скопје, на Факултетот за земјоделски науки и храна и се стекнува со звање **Дипломиран земјоделски инжењер, студиска програма агроекономија, со просечна оценка 8,51.** Магистерските студии ги продолжува на Економскиот Институт Скопје, кои успешно ги завршува во 2020 година со одбрана на магистерскиот труд „Особености на надворешно трговската размена на Република Северна Македонија со осврт на состојбите во винскиот сектор" и се стекнува со звање **Магистер по економски науки во областа на меѓународната економија. Просечната оценка на студирање на овој циклус изнесува 8,71.**

Во областа на научно-истражувачката работа м-р Давид Салтамарски го има следниов научен труд под наслов: Wine sector analyzed trough PESTLE analysts as a part of strategic development, Journal of sustainability development, 2021, кој е во постапка за објавување.

Давид Салтамарски, по магистрирањето работи во компанијата T-Dynamics, како консултатнт за корпоративни анализи. Кандидатот има учество на тренинзи и обуки од областа на интерес.

Имајќи ги предвид биографските податоци на кандидатите и поднесените документи согласно Законот за високото образование и распишаниот јавен конкурс, Рецензентската комисија пред Наставничкиот совет на Приватната високообразовна установа-Висока стручна школа ФАКУЛТЕТ ЗА БИЗНИС ЕКОНОМИЈА Скопје го дава следниот

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Имајќи го во вид сето погоре изнесено, Рецезентската Комисијата заклучи дека:

М-р Магдалена Андоновска, Магистер по односи со јавност не ги исполнува условите за избор во наставно звање предавач во обаласта на Менаџмент, поради тоа што има различна област на магистрирање од областа во која е распишан конкурсот.

м-р Давид Салтамарски, Магистер по меѓународна економија не ги исполнува условите за избор во наставно звање предавач во областа на Менаџмент, поради тоа што има различна област на магистрирање од областа во која е распишан конкурсот.

Оттука Рецензентската комисија му предлага на Наставничкиот совет кандидатите кои имаат поднесено пријава по Конкурсот да не се изберат во звање предавач во областа на Менаџмент.

РЕЦЕНЗИОНА КОМИСИЈА

1. д-р Жанина Кировска, _______________
2. д-р Аземина Машовиќ, _______________
3. д-р Адријана Булевска Зариќ, _______________

Приватна високообразовна установа - Висока стручна школа ФАКУЛТЕТ ЗА БИЗНИС ЕКОНОМИЈА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ